Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на членовите 31 и 37 од Деловникот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, а во врска со примена на член 415 став 1 точка 9 од Законот за кривичната постапка, на седницата одржана на ден 07.12.2021 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**Кога првостепениот суд од изведените докази утврдил дека обвинетиот при извршување на делото бил предизвикан со особено навредливо или грубо однесување на оштетениот, судот може да го дополни описот на кривично-правниот настан во изреката на пресудата, со наведување на факти и околности дека „сторителот бил предизвикан со особено навредливо или грубо однесување на оштетениот“, како факти од чие постоење зависи примената на одредбата од член 130 став 3 од Кривичниот законик, со тоа не се пречекорува обвинението.**

**Оддел за казниви дела**